Ракот на грлото на матката е предизвикан од вирус, но може да се спречи!
Сега, кога знаеш…

КАЖИ НА НЕКОМУ!

# ВАКЦИНИРАЈ СЕ ПРОТИВ РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА!

## За повеќе информации посети

## www.hpvsm.org.mk

Здружение за Хуман Папиломавирус на Македонија





## Знаеш ли дека ракот на грлото на матката се добива од вирус?

**Се нарекува човечки папиломавирус (HPV) и некои негови типови можат да предизвикаат рак на грлото на матката. Се пренесува по полов пат и е еден од најраспространетите вируси. Во светот повеќе од 50% од полово активните луѓе се заразуваат со HPV во текот на животот.**

**Веќе има вакцина, која штити од 4 типа на човековиот папиломавирус (HPV). HPV типовите 16 и 18 предизвикуваат 70% од случаите на рак на грлото на матката, а HPV типовите 6 и 11 предизвикуваат над 90% од случаите на генитални брадавици (кондиломи).**

## Што претставува човековиот папиломавирус (HPV)?

HPV е најчесто сретнуваниот половопренослив вирус. Тој ги погодува подеднакво и мажите и жените. Секој човек со започнат полов живот може да се зарази со HPV за време на половиот акт, дури и без навлегување. Највисока е честотата на HPV инфекцијата кај младите мажи и жени. Многу луѓе заразени со HPV може да не покажуваат никакви знаци или симптоми. Тоа значи, дека тие можат да го пренесуваат вирусот на други, без да знаат за тоа.
Светската здравствена организација (СЗО) пресмета, дека над 630 милиони луѓе во светот се заразени со HPV. Од тие над 40 милиони се со предракови промени, кои во некои случаи можат да прогресираат до рак. Секоја година во светот од рак на грлото на матката заболуваат над половина милион и умираат над 250,000 жени. Најчестите причинители на ракот на грлото на матката се HPV типовите 16 и 18.

**Во Македонија годишно од рак на грлото на матката заболуваат повеке од 230, а умираат над 30 жени.**

**Честотата на заболувањето во Македонија е зголемена два пати за последните 20 години, ако се набљудува тенденцијата за “подмладување”- се почесто ракот на грлото на матката се дијагностицира кај се помлади жени.**

Најчести причинители на гениталните кондиломи се HPV типовите 6 и 11. Установено е дека барем 10% од мажите и од жените имат генитални кондиломи во текот на животот. HPV предизвикува и други малигни болести на половите органи, како и некои болести на дишните патишта.

## Што претставува вакцината?

Вакцината е модерен биопродукт, кој ефективно штити од **четирите** најраспространети HPV типови - 6, 11, 16 и 18 – основни причинители на рак на грлото на матката, предракови промени и генитални кондиломи

## Кој може да се вакцинира?

Вакцината е наменета за млади момчиња и девојчиња на возраст од 9- 15 години и млади жени на возраст од 16 - 26 години. Тоа е возраста во која започнуваат првите сексуални контакти. Ризикот од заразување со вирусот тогаш е највисок.

## Како се спроведува вакцинацијата?

Вакцинацијата се спроведува со мускулно инјектирање на 3 одделни дози според следната шема – на произволно избран ден, на вториот и на шестиот месец.

## Дали вакцинацијата е безопасна?

Вакцината против HPV тип 6, 11, 16 и 18 не содржи вирусна ДНК и поради тоа таа не може да предизвика HPV инфекција и/или болест.

Како и при секоја друга вакцина, можат да се забележат, иако ретко некои несакани дејства, како болка, оток и зацрвенување на местото на инјектирање, како и лесно покачување на температурата.
Тие реакции на организмот се минливи и се губат за кратко време. При евентуалната појава, задолжително консултирајте се со Вашиот лекар.

## Колку време дејствува вакцината?

Вакцинирањето дава можност за создавање траен и стабилен имунитет против HPV тип 6, 11, 16 и 18.

**ВАЖНО:**

**Вакцината може да заштити само од болести, кои се предизвикани од HPV тип 6, 11, 16 и 18. Поради тоа треба да се продолжи да се преземаат сите превентивни мерки за заштита од полово преносливите болести.**
**Вакцината не е наменета за лекување на ракот на грлото на матката, предракови промени или генитални кондиломи.**
**Вакцинирањето не ја заменува стандардната профилактика – гинеколошки преглед со циторазмаска (ПАП-тест) за откривање на рани стадиуми на рак на грлото на матката.**

**Вакцината се издава само во здравствена организација и вакцинацијата се спроведува од лекар!**

**Пред да се вакцинираш, консултирај се со твојот гинеколог и / или матичен лекар!**